ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

НОВА МАКЕДОНИЈА

Број 73,
**Четврток,**
15.2.2018

СЗПМ
Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија

# Работилница за сметководители на здруженија на пензионери членки на СЗПМ



Традиционално, по осми пат на 29.01.2018 г. во ресторанот „Брод Панини“ на Велешко Езеро беше одржана работилница за составување финансиски извештаи и подготвување годишни сметки за деловната 2017 година кај здруженијата на пензионери и СЗПМ на која присуствуваа сметководители, претседатели на здруженија и претседатели и членови на надзорни одбори, односно над 90 учесници од 32 здруженија од цела Македонија.

Работилницата ја отвори потпретседателот на СЗПМ, Салтир Каровски, при што им се заблагодари на сите за присутноста на работилницата во така голем број. Тој истакна дека работилницата е за едукација на сметководителите, но и на раководниот кадар на здруженијата и на Сојузот, за важноста од правилно, законско и домаќинско финансиско работење во изминатиот период, но и во иднина.

Ваквите работилници со едукацијата придонесуваат за добра подготвеност на сметководителите и надзорните одбори за законско финансиско и материјално работење во рамките на здруженијата и на Сојузот. Потребата е констатирана од страна на надзорните органи и од некои инспекциски контроли кај здруженијата.

За материјалот и за прирачникот дискутираше и рецензент Митре Стојановски, претседател на надзорниот одбор при СЗПМ, кој истакна дека материјалот е сеопфатен и стручно изработен во согласност со Законот и Правилникот за сметководство кај непрофитните организации, а во истиот се назначени најнеопходните примери во обработката на материјално- финансиското работење за потребите на здруженијата на пензионерите и на Сојузот. Прирачникот ќе им помогне на сметководителите во подготвувањe на пописите, финансиските извештаи и годишната сметка за 2017 година на здруженијата и на Сојузот.

Авторот на прирачникот, Ромео Костадинов, ги истакна сите важни прашања поврзани со подготовката на финансиските извештаи и годишната сметка за 2017 година и поврзаноста со проблемите од непридржување кон прописите кои произлегуваат од Законот и Правилникот за сметководство на непрофитните организации. Исто така тој се осврна и на измените на Законот за персонален данок на доход кои измени се со важност од 01.01.2018 година, а кои измени се од особено значење за здруженијата и за Сојузот во извршување на своите планирани активности.

Потоа се разви богата и плодна дискусија со поставување прашања од присутните учесници на работилницата поврзани со материјално-финансиското работење во здруженијата на кои прашања исцрпно одговараа и авторот и рецензентот на прирачникот.

Петар Андреевски

# Советодавен состанок во пресрет на ревиите на песни, музика и игри

На 6.2.2018 година, во организација на СЗПМ, се организира советодавен состанок за унапредување на регионалните и републичката ревија на песни, музика и игри, како значајни културни манифестации особено за припадниците на третата доба, верни чувари на нашата традиција, обичаи и на нашето културно наследство. На состанокот присуствуваа претседателите на здруженијата на пензионери - домаќини на регионалните ревии, претседателите на комисиите за културно-забавен живот во здруженијата Македонска Каменица, Ѓорче Петров, Кисела Вода, Чаир, Радовиш и Конче, Гевгелија, Крушево и Македонски Брод, и членовите на комисијата за културно-забавен живот при ИО на Сојузот.

Стручниот дел на состанокот го апсолвираа проф. д-р Ѓорѓи Георгиев и Томче Стојков, селектор на настапите на здруженијата. По опсежната дискусија по сите прашања поврзани со ревиите беа донесени и соодветни заклучоци и насоки кои се доставени до сите здруженија на пензионери. Според донесените заклучоци треба да се однесуваат сите учесници на ревиите, бидејќи истите имаат за цел усогласување на некои прашања, како и преземање мерки за уште подобро организирање и унапредување на ревиите.

Осмата Републичка ревија на песни, музика и игри ќе се одржи на почетокот на јуни 2018 година во Домот на АРМ - Скопје.

Станка Трајкова



ЗП-КУМАНОВО

# Економија - екологија - енергија



ЗП-Куманово и ЗГ-Јустиција, на 24 декември 2018 година ја организираа втората едукативна работилница во рамките на проектот „Самодоверба и социјална инклузија - предуслов за достоинствено стареење“ на тема: Придонесот на пензионерите во еколошки активности за подобрување на состојбите во природната и урбаната средина.

Работилницата се одржа во Еуро Колеџ - Куманово, со учество на 21 пензионер, а ја менаџираа Оливера Доцевска од ЗГ-Јустиција и Јасмина Тодоровска од ЗП-Куманово, а предавач беше Мирко Макрешански, доктор на науки за заштита на животната средина. Темата беше изнесена во четири целини: Природни ресурси; Управување со ресурсите и одржлив развој; Климатските промени и нарушената озонска обвивка и Пензионерите во активностите за заштита на природната и урбаната средина.

Десетина учесници дебатираа за актуелните состојби со загадениот воздух, за водите, почвите, за состојбата на шумите и зеленилото во парковите, за користењето на минералните ѓубрива, пестицидите и цврстиот отпад. Беше истакната загриженост за електротехничкиот, видео, компјутерскиот и телефонско-комуникацискиот отпад.

Исто така беше истакната потребата секој граѓанин да има изградена етичка култура кон себе, кон природата, биосферата и човекот. Меѓу другото, беше побарано и ние, пензионерите, да се вклучиме во екопатроли и еколошки акции за чиста средина, како и во манифестации по разни поводи и значајни датуми во оваа сфера. Од работилницата произлезе и заклучокот: човекот е чудо на природата, општествено и социолошко битие кое за само стотина години направи врвна техника и технологија, се бори со климатските промени и бара нови обновливи извори на енергија. Сепак, оптимизмот е тука, постои. Нема дилеми: човекот ќе најде решение за се.

Мирко Макрешански

# Проектни активности на СЗПМ

На 24.12.2018 година, во просториите на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија (СЗПМ) се одржа работилница, како една од клучните активности на проектот „Превентивни домашни посети за активни и здрави пензионери“, а кој се спроведува во партнерство на СЗПМ и ПЗУ „Лилисон медика“ од Скопје. Покрај членовите на проектната група како организатори на настанот, на работилницата учествуваа секретарот на ИО на СЗПМ, претседателот и заменикот на комисијата за здравство и социјална политика, претставник од комисијата за менаџирање проекти, претставници од ЗП-Карпош и од ЗП-Кисела Вода, како и неколкумина пензионери членови на ЗП-Центар. Работилницата по содржина опфати три тематски целини:

1. Краток осврт на проектот со кој учесниците беа запознаени со предметот, целите и динамиката на спроведување на клучните активности на проектот како и со најновите достигнувања на превентивната медицина во домашни услови. Исто така беа споделени и информации за активностите на претходните (вон)институционални домашни посети во град Скопје.

2. Сесија на интервју со фокусна група на пензионери на која беа разгледани пет прашања кои овозможија дискусија и размена на погледи и мислења за разликата меѓу домашната посета (т.н. Брза помош) и превентивната домашна посета (во проектот).

3. Ажурирање на документи за кандидати кои изразија желба да учествуваат во проектот од здруженијата Карпош, Кисела Вода, Центар, Ѓорче Петров и од Солидарност-Аеродром.

В. Вангеловски



ЗП-ГАЗИ БАБА

# Пензионерките презентираа домашна храна во Перник

На традиционалниот меѓународен фестивал на маски „Сурова 2018“, кој се одржа на 26 и 27 јануари во Перник, Бугарија, во делот на изложбата на домашна храна учествуваа повеќе здруженија на пензионери од европските држави. На фестивалот со свои кулинарски производи и оваа година учествуваа пензионерките од ЗП-Гази Баба, на покана на ЗП-Перник, со кое имаат воспоставено долгогодишна соработка. Здружението на пензионери Гази Баба го претставуваа: Стојна Тодоровска, Драгица Трајановска и Ана Костадиновска, кои презентираа македонска храна подготвена по традиционални рецепти и тоа: сарма, полнети пиперки, гравче-тавче, макало, разни колачи, кифли и погачи. Производите изработени од вештите раце на пензионерките привлекоа големо внимание и добија пофални зборови од посетителите и од домаќините, за што им беше доделена и благодарница од организаторот на фестивалот за учество и квалитетна храна.

- На фестивалот, нашиот штанд го посетија голем број граѓани и гости. Тоа беше можност и оваа година да ги покажеме специјалитетите од нашата традиционална храна со одличен квалитет - ни изјави Стојна Тодоровска, потпретседателка на Активот на пензионерки при ЗП-Гази Баба.

За време на фестивалот пензионерките се дружеа и се стекнаа со пријатели од многу здруженија на пензионери од европските земји, при што беа поканети за заемна соработка. Сите вечери по завршувањето на официјалниот дел, дружењето беше со музика, песна и оро. **Васил Пачемски**



ЗП-ПРИЛЕП

# Германска донација за домот за стари лица



Во рамките на веќе од поодамна воспоставената соработка на Амбасадата на СР Германија во Македонија и локалната самоуправа на општината Прилеп, деновиве при посетата на амбасадорот од оваа земја, неговата екселенција г-дин Томас Гербериx на Прилеп за штитениците од домот за стари лица „Киро Крстески - Платник“ им беше доделена донација - индустриска машина за перење на алишта. Вредноста на оваа добредојдена машина за оваа организација е околу 500 илјади денари. Градоначалникот на Прилеп, Илија Јованоски, го запозна гостинот со проектите што ќе бидат реализирани во градот оваа година.

Амбасадата на СР Германија поддржува мали проекти и ова не е единствена донација што ја има дадено амбасадата на оваа земја. Пред некоја година беше реализирана адаптацијата и уредувањето на канцеларијата и Клубот на здружението на инвалидските пензионери во Прилеп. Важно за нас како Амбасада е продолжувањето и остварувањето и во иднина на соработката со општините. Досега нашата држава во проекти во Македонија има вложено околу 320 милиони евра - истакна амбасадорот Гербериx.

За нас оваа донација е мошне значајна. Сега ќе имаме подобри услови за перење на алиштата од нашите 150 штитеници - заблагодарувајќи се рече директорот на Домот за стари лица, Христијан Пилев. **К. Ристески**

ЗП-ВЕЛЕС

# Промоција на „Хуманоста пред се“

Само запишаните случувања остануваат оригинални и вистинити, за разлика од усно прераскажаните. Заради тоа, ЗП-Велес реши да ги нотира повеќето од активностите, особено оние од хуманитарен карактер, во мала книшка, но голема по содржина со пораки до идните генерации со повеќе примери кога здружението се покажало хумано и каде се помогнало, па затоа книгата има наслов „Хуманоста пред се“, а авторка е Нада Алексоска. Брошурата е во рамките на програмата за работата на комисијата за социјални прашања при здружението, чии членови се: Страшо Ончев - претседател и Славчо Мајсторски и Миле Ѓорѓиев. Владата на Р. Македонија во 2012 година донесе „Стратегија - грижа за стари лица - трета животна доба“, која беше прифатена од општината Велес, а ЗП-Велес меѓу првите во Македонија почна да ја реализира во соработка со локалната самоуправа и неколку институции од меѓуопштински карактер. Во оваа брошура се поместени повеќе жални и страдални стории, лични доживувања и мачни преживувања.




Кога ќе ги видевме нивните тажни лица, за миг трансформирани во среќно насмеани и задоволни од скромната помош што им ја дававме, ние бевме уште посреќни од нив, ни раскажуваа активистите по извршената хуманитарна акција. Ова е уште една потврда дека секој човек повеќе треба да и се радува на туѓата среќа отколку на својата. Познатата максима - не прави му го на другиот она што не сакаш да ти го прават тебе е многу вистинита. Инаку, девизата по која се раководи комисијата за социјални прашања од ЗП-Велес е и девиза на стратегијата за помош на стари и немоќни лица.

„Патот за којшто ќе се определиш е твој избор од неколку дадени алтернативи од страна на судбината. Тие патишта ќе те направат среќен или несреќен. За да си среќен, единствено треба да знаеш и дека после се во тебе останале душа, срце и разум. Душа за да ги сфатиш оние кои ја немале истата среќа како тебе, срце за да знаеш да ја споделиш твојата среќа со помалку среќните и разум за да знаеш да го цениш сето тоа, како и да им помагаш на сите оние кои се во неволја“ - гласи девизата на стратегијата. **Н. А.**

ЗП-КАВАДАРЦИ

# Убав јубилеј - 20 години турнир во табла

Продолжува негувањето на 20-годишната традиција на натпреварот во табла организиран за пензионерите од Кавадарци. Оваа година натпреварот е во Клубот на пензионери и повторно одѕивот е масовен. Меѓу сите натпреварувачи тројца беа најуспешни и си обезбедија пласман за учество на регионалниот натпревар во табла.



Меѓу кавадаречките пензионери има одлични таблаџии. Се игра и шах и домино, но сепак доминира таблата, а право на учество на натпреварот имаат сите. Оваа година на турнирот учествуваа дваесетина натпреварувачи и беа групирани во 10 пара. Од нив во полуфиналето стигнаа Наќе Велков, Трајче Стојков, Анѓел Биков и Трајче Танчев - информира претседателот на комисијата за спорт и рекреација, Трајко Тасев.

Најуспешен од сите беше Наќе Велков. Тој од ЗП-Кавадарци доби пехар и табла. Како второпласиран заврши Анѓел Биков, кој за успехот доби домино, а со пар карти здружението го награди третопласираниот Трајче Стојков.

Во мај, за првопласираниот Наќе Велков претстои регионалниот турнир во табла, а дотогаш на Велков му останува доволно време за вежбање со своите клупски пријатели. За потсетување, минатата година меѓу најуспешните таблаџии на државно ниво висок пласман имаа и кавадаречките пензионери.

**Милица Младенова**

ЗП-ШТИП

# Пензионерите присуствуваа на две интересни промоции

Во НУБ „Гоце Делчев“ во Штип, на први и втори февруари годинава беа промовирани две интересни книги: „Од агресија до љубов“ на д-р Методи Чепреганов и Теодора Костовска и „Штип и штипјани во дневните весници и списанија“, уредена од Жаклина Петрушева и Ирена Јорданова. За првата книга, медијаторот професор д-р Кире Барбареев рече дека станува збор за вечните теми - љубовта и смртта како и за внатрешните немири кај човекот кои создаваат анксиозност. Промоцијата беше интерактивна, со излагање на авторите и прашања од присутните. На промоцијата, директорката на библиотеката „Гоце Делчев“, Милена Ристова-Михајловска, ги поздрави авторите и присутните и нагласи дека овие промоции се во чест на раѓањето на великанот Гоце Делчев.

- Печатените дела се трајно богатство за еден народ, а електронската верзија на библиографското дело е брзо достапно до сите библиотеки и консументи - рече, меѓу другото, Михајловска.

Потоа психологот Теодора Костовска зборуваше за љубовта која е вечна тема и двигател и за стресот и анксиозноста кои се последици на неисполнивости и преголеми барања и кои создаваат психофизички компликации и болести кои не се лекуваат само со лекови туку бараат разрешување на проблемите.

Доктор Методи Чепреганов ја нагласи потребата на личноста за наоѓање брз начин за разрешување на проблемот.

Ако проблемите се разрешуваат навреме, ќе излеземе побогати и поподготвени да го надминеме тоа во себе и да го почитуваме колективното, а ако не се разрешат проблемите тогаш доаѓа до реактивна состојба која води до агресија. Создавањето нови дела во пензионерските години е корисно исполнување на времето, со вткаено знаење и мудрост - истакна Чепреганов.

Втората книга „Штип и штипјани во дневните весници и списанија“ е интересна за пензионерите, бидејќи во оваа библиографија се обработени прилози за настани и за пензионери-штипјани преку дописничката во пензионерските весници Цвета Спасикова. Жаклина Петрушева нагласи дека ова е прва библиографија која го истражува местото на Штип и на штипјани во весниците и списанијата со секојдневни теми чии статии и прилози говорат за секојдневниот живот, настаните и манифестациите во градот, како и за спортските и културните манифестации на пензионерите, прикачени на цобис-системот (cobiss), каде што се поврзани сите библиотеки.

На овие две промоции присуствуваа голем број сограѓани, пријатели, заинтересирани пензионери како и претседателот на ЗП-Штип, Александар Захариев и заменик-претседателот Коста Штериев, кои ја нагласија користа од вакви дела за пензионерите. **Ц. С.**






ЗП-ПРОБИШТИП

# Семејство на крводарители - највозрасниот е рекордер

И покрај тоа што Пробиштип е рударско-индустриски град, најголемиот број крводарители е токму од вработените во рударството и во индустријата. Од Организацијата на Црвениот крст побаравме список на повеќекратни дарители на течноста што живот значи и дојдовме до податок дека бројката на граѓани што даруваале крв повеќе од 100 пати е голема.

Во потрага по најхуманиот граѓанин во општината Пробиштип патот не одведе во домот на пензионерот Драги Серафимовски, кој веќе навлегол во осмата деценија од животот. Според она што му е евидентирано во картончето за крводарување стои бројката од 146, но како што ни рече тој многу дарувања не се евидентирани, најчесто кога се работи за некој итен случај, а Драги без размислување подавал рака на хуманост, но тој педантно си ги бележел сите дарувања, па така ни покажа бројка која се искачила над 170 пати.



Драги Серафимовски е активен во ЗП-Пробиштип особено во спортот, а најчесто во дисциплината теглење јаже. И покрај тоа што нема никакви здравствени проблеми, според годините морал да се откаже од некои спортови и активности. Разговорлив и секогаш насмеан со гордост зборува за својот немирен дух од младите години. Завршил средно рударско училиште, а првото вработување му било во градежништвото во Пробиштип. Во потрага по подобар живот и подобра заработувачка патот го одвел во Германија, каде што работел се и сешто две години. По двегодишниот гастарбајтерски живот се вратил во Македонија и се вработил во скопската Железарница, а по неколку години се враќа во родниот град Пробиштип и се вработува во рудниците за олово и цинк „Злетово“, од каде што и се пензионирал.

Прв пат почнува да дарува крв во 1996 година на отслужување на воениот рок, на војник од Црна Гора кој се повредил при некоја вежба. Оттогаш се јавувал на секој повик, а се вклучувал и во доброволните крводарителски акции што ги организирале ОО на Црвен крст и одделението за трансфузиологија од болниците. До своите 65 години, четири пати во годината Драги редовно давал крв, а се случувало да даде и по пет пати ако треба да се спаси нечиј живот.

- Кога дарував крв јас се чувствував многу среќен затоа што ќе спасам нечиј живот. Се чувствував како нероден, никогаш не се почувствував лошо. Јас и денес сум здрав и можам да дарувам крв, но кога наполнив 65 години докторите ми рекоа дека е доста за мене и за оние за кои дарувам. Така и престанав да дарувам крв, но сум среќен што сум спасил многу животи и што стекнав многу пријатели на кои сум им помогнал без разлика на верата и националноста.

- Се сеќавам кога работев во Железарницата, дојде еден колега Албанец со солзи во очите и молеше за помош на жена му. Јас без размислување тргнав со него во болницата да дадам крв и жената се спаси, и така станавме добри пријатели. Тоа пријателство трае и денес со неговите синови Есат и Насер од Арачиново. Тоа за мене е најголемата награда и најголемото признание – ни рече Драги.

Драги Серафимовски има добиено многу награди, признанија, пофалници и благодарници, но најдраги му се јубилејните за 50 и 100 пати дарување крв. Жали што не успеал да добие јубилејно признание за 150 крводарувања, иако како што рече, според неговиот бележник има евидентирано над 170 дарувања, но од едни или од други причини не се евидентирани во картончето.

По стапките на Драги тргнало целото семејство. Најпрво неговата сопруга Перса, која од минатата година е пензионерка, а зад себе има над 40 дарувања крв. Потоа им се придружиле двајцата синови, едниот вработен во полиција, а другиот во АРМ. И двајцата имаат над 25 крводарувања, но ветиле дека нема да застанат тука. Во семејството на крводарители ќе останат се додека ги служи здравјето. Не останал имун на оваа хумана работа ниту внукот на Драги и Перса. Нивниот внук Стефан е прва година на факултет во Скопје, а зад себе има веќе 6 дарувања. Браво и искрени честитки. **М. Здравковска**

# Активна пензионерка

Марија Станоевиќ повеќе години е пензионерка и ги ужива плодовите на долгогодишната работа, а единаесет години е активна најпрво во ЗП-Гази Баба, а потоа во ЗП-Илинден. Има убава причина за разговор со неа: 8 Март, Денот на жената.

Марија Станоевиќ е мајка, баба и активна пензионерка. Нејзината способност секогаш создава мир и љубов во куќата, бидејќи е столб на семејството, почитувана и сакана од своите. Живее во селото Мршевци, Скопско, и на овие години обработува бавча, одгледува зеленчук во пластеник. Пензионерските денови ги минува во кругот на семејството, со роднините и со пријателите. Денот секогаш го започнува, како што вели, со радост и е кратох за се што сака да заврши.

Членка сум на извршниот одбор при ЗП-Илинден и настојувам да придонесам во работата на здружението кога се разгледуваат прашања од интерес на пензионерите. Исто така, членка сум и на одборот на Активот на пензионерки од нашето здружение, каде што има многу активности, главно од хуманитарен карактер. Би го споменала и моето активно учество на регионалните и на републичките спортски натпревари.



На Републичките спортски натпревари во 2016 година во Радовиш бев прогласена за најдобар стрелец во пикадо и добив пехар, а екипно го освоивме третото место. На Регионалните спортски натпревари во 2017 година го освоивме третото место во пикадо, а бев најдобра од нашата екипа во шутирање голови. Се трудам секогаш успешно да го претставувам нашето здружение - вели Марија.

Комуникацијата, дружењето и постојаната активност е нејзината животна формула. Таа шири позитивна енергија и секогаш е подготвена да помогне. **В. П.**

ЗП-СОЛИДАРНОСТ АЕРОДРОМ

# Поетско-музички перформанс

Љубовта е универзална и вонвременска придобивка која на човекот, животот и светот им ги дава мислата и смислата на постоењето. Љубовта е највозвишеното дарување што не мисли и не бара возвратена мера за себе. Тоа се темата и пораките на поетско-музичкиот перформанс „Александровна“ со Лидија Лучко-Јеремиќ и Горан Анчевски. Во дијалозите меѓу таа и тој се говори за убавината на сакањето во кое се преплетуваат почитта, довербата и соработката меѓу луѓето. Тоа се димензии кои ја одредуваат љубовта како стожерна егзистенцијална категорија. Застанати пред огледалото на животот се заврзува своевидна дебата за тоа што е човекот! Тие се една неделива целина што светот го движи напред и како еден и единствен животот го воспева химнично. Проектот е работен според стихозбирката „Алесандровна“ на Лидија Лучко-Јеремиќ којашто е објавена со материјална поддршка од СЗПМ. Да забележиме дека тандемот Јеремиќ – Анчевски имаат реализирано неколку вакви поетски проекти кои со доста успех се изведувани во Македонија. Нивниот настап во Клубот на љубителите на книгата при ЗП Солидарност – Аеродром, Скопје, беше на 30 јануари 2018 година и со својата атрактивност и необичност предизвика особен интерес и емоции. **В. Тоциновски**



ЗП-КРИВА ПАЛАНКА, ИНТЕРВЈУ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ БОРЈАНЧО МИЦЕВСКИ

# Пензионерите ќе имаат поддршка во се

**Почитуван градоначалник, Вие сте млад човек и на овие избори голем број кривопаланчани Ви ја дадоа довербата да бидете прв човек на општината. Во Вашата програма, меѓу другото, ветувавте заложби за подобар живот на пензионерите. Кои се Вашите планови во врска со возрасните жители на Крива Паланка?**

Мојот став е дека денеска живееме во услови на невработеност кога голем број млади не се вработени, па пензионерите претставуваат столб на семејството. Кога зборуваме за нивниот статус мислам дека треба да има покачување на пензиите, со што ќе можат сами да си платат за бањска рекреација и сл., а не да зависат од Владата и од Министерството за труд и социјална политика. На локално ниво се залагам за подобрување на условите во Клубот за дневен престој на пензионерите. Пензионерите се граѓани во кои е акумулирано огромно животно искуство и затоа ќе се трудам секогаш да бидат поддржувани нивни идеи и предлози.

**Според Ваше мислење, каква е соработката помеѓу локалната самоуправа и ЗП-Крива Паланка? Дали во органите на општината пензионерите ќе бидат застапени онаму каде што се третира-ат прашања во врска со нивната егзистенција?**



Соработката со пензионерите за почеток е добра и така треба да биде секогаш. Пензионерите имаат свој претставник на седниците, така што се запознаени со сите одлуки што ги носиме на советот. Наскоро ќе објавиме и повик за НВО на кој ќе може да конкурира и ЗП-Крива Паланка, како невладина организација во распределбата на финансиски средства од буџетот на општината, а кои може да ги наменат за реновирање на Клубот или за други потреби на пензионерите. Што се однесува до мене и до општината, пензионерите имаат целосна поддршка и оној таканаречен втор простор (кај Осички мост) да го стават во функција на здружението.

**Која е Вашата порака до сегашните и идните пензионери на општината?**

Мојата порака е да бидат горди на она што се, затоа што пензионерите потекнуваат од поранешниот систем, кои со чесна и добра работа можеле релативно добро да живеат. Тогаш имаше морални и етички вредности кои денес од ден на ден се повеќе бледеат, можеби затоа што живееме во многу тешки времиња во коишто се бориме да го одржиме столбот на општеството, семејството. Апелирам да се вклучат во напорите што државата максимално ги прави за да општанеме на патот на европските асоцијации.

**На крајот, какви се Вашите идни планови и како ја гледате општината во наредните години?**

Посакувам во иднина општината да стане модерна, урбана, современа и европска, каде што во неа младите ќе ја наоѓаат својата перспектива, а не надвор од границите на државата. Општина во која социјално-економските ресурси ќе бидат ставени во функција на социјално-економскиот развој и во која убаво ќе живеат сите генерации.

**Б. Стојчевска**

# Плакета за Бошко Блажевски

На Бошко Блажевски, пензионер од Тетово и претседател на комисијата за спорт и спортски активности на ЗП Тетово, доделена му е плакета како заслужен поранешен фудбалер и фудбалски тренер. Плакетата му е доделена по повод 70 годишнината на Фудбалскиот сојуз на Тетово. Блажевски е добитник на високото признание како истакнат во минатите години во кои 20 години поминал како фудбалер и 30 години како фудбалски тренер пред се во локалните клубови Тетекс и Љуботен. По повод јубилејот на Општинскиот фудбалски сојуз во Тетово се одржа пригодна свеченост, поддржана од локалната самоуправа Тетово. Вакви плакети се доделени и на заслужни фудбалски работници од клубовите Тетекс, Љуботен, Шкендија и Ренова.

„Многу ме возбуди поканата да учествувам на свеченоста, а уште повеќе бев пријатно изненаден што ми беше доделено вака високо признание“, истакнува Блажевски.

Бошко Блажевски веќе 10 години е пензионер. Од нив осум години е активен во спортските активности на пензионерите во ЗП Тетово, најнапред како натпреварувач во атлетски дисциплини, а потоа како член и претседател на комисијата за спорт. Постојан тренер е речиси во сите спортски дисциплини во кои се натпреваруваат пензионерите, а како судија е во дисциплината влечење јаже. **Г.Е.**

ЗП-ТЕТОВО

# Романот „Здивот на тишината“ - внатрешно огледало на душата

Пензионерот Јован Дамјановски е познат современ македонски писател, во македонската литература вклучен како романсиер и драмски автор. Досега има објавено 13 романи, раскази, новели и драмски творби за што има добиено повеќе награди и признанија. Неодамна беше објавен романот „Здивот на тишината“, кој, како што вели авторот, претставува внатрешно огледало на душата и е континуитет на порано објавените „Сенките на сонот“, „Време за времето“, „Вештачки сон“ и „Мирисот на лагата“.

Во „Здивот на тишината“ авторот внимателно го следи внатрешниот глас за да нурне несвесно во колективното. Успешно ги следи судбините и аналитичката и комплексна психологија на луѓето која наоѓа универзалност не само во мислењето, туку и во перцепцијата на стварноста и на сонот, во чувствата и односите меѓу луѓето. Во овој негов последно објавен роман се среќава голем спектар на ликови и теми со различна тематска содржина. Три драматуршки линии во романот се однесуваат на три генерации од едно семејство. Со сите личности поединечно се претставува по една психолошка драма на современиот човек. Се чувствуваат трепеређа и искри на радоста, но и бунтовни акценти на страдањата. Романот претставува потрага по поцврсти и подолгорочни точки за фиксирање на аголот од кој треба да се загледуваме во иднината. Дилемите и ознаките се крстопати на кои најчесто нема патокази. Душата на современиот човек ја бара во времепловот. Тишината се разводнува во влажноста на маглата која го затскрива слободниот лет на птиците.

Романот започнува со необичната фраза дека нема ништо погласно во човековиот живот од тишината. Тоа е метафора со која староста се задлабочува во сеќавањата. Разговорот сам со себе во стварноста е најубав влез во тишината која може да биде засолниште на стравот пред темнината на иднината. Душата навистина е за препознавање во животот, исто како што животот може да се толкува според душата. Сите ликови во романот можат да се препознаат како прототипови во современиот живот.

Од изразните форми на романот забележливо место и припаѓа на стилската фигура словенска антитеза. Отворените прашања авторот ги става пред оној што ги поставува. Во сеќавањата се бара своја вина за тоа што се случувало. Поединечната судбина влегува на сите врати на надежта, зашто е раширено уверувањето дека надежта последна го напушта животот.

**Романот започнува со необичната фраза дека нема ништо погласно во човековиот живот од тишината**




**Читателот не може да биде сигурен дека се одбрани вистинските агли за анализа и конечната оцена на делото, но секој може да се провери според Сократовата максима најпрвин да се запознаеме самите себе**

Ова романескно остварување има длабока социјална заднина. Читателот не може да биде сигурен дека се одбрани вистинските агли за анализа и конечната оцена на делото, но секој може да се провери според Сократовата максима најпрвин да се запознаеме самите себе. Описот на психолошката структура на луѓето е амбициозна и одговорна книжевна задача. Овој роман на Дамјановски не е само обична разработка на емоционалните состојби на современиот човек, туку книжевно да се анализираме во ова време на постоење пред налетот на иднината. Во големиот број настани од романот „Здивот на тишината“ се сирка во внатрешното огледало на човечката душа, со што се отвора простор за индивидуални размисли. Со тоа не се загрозува претставата за реалноста на животот, туку се обезбедуваат и размислувања за спротивставеноста на денешниот и најверојатно, со утрешниот свет.

Дамјановски како пензионер останува да живее во родното Тетово, во неговото маало Поток, од каде што му извираат идеи за неговото богато творештво кое во пензионерските денови уште повеќе го збогатува.

**Гојко Ефтоски**

ЗП-ОВР

# Се сретнаа во третата доба



Животот е прекрасен и полн со различни случувања и изненадувања. Често пати помислувате дека нема да ви се случат нешта што ќе ви го изменат животот на поубаво, но во приказната на Јаворка и Љупчо тоа се демантира. Тие во третата доба повторно ја доживуваат среќата да се заедно со личноста која ќе те разбира, ќе ти ја топли душата, ќе се грижи искрено за тебе, ќе прави секој ден да ти биде поубав од претходниот.

За нивната животна приказна ја прашавме Јаворка Николовска, а прашањето е дали поради впечатокот што го остава на весела, комуникативна и пријатна личност е причината што Љупчо посакал да бидат заедно?

Велат дека се смеам „заразно“ и пренесувам позитивна енергија насекаде, но јас мислам дека причината што луѓето сакаат да бидат во мое друштво се чувствителноста и разбирањето за другите. Со Љупчо имаме слична судбина, бидејќи губејќи ги своите брачни другари останавме пред вратата на осаменоста.

Кога останав сама без сопругот, најпрво целокупната своја посветеност и енергија ги насочив кон децата и внуците кои се прекрасни личности. Но откако порасна започна да ме мачи осаменоста иако имав една пријателка со која се дружевме, посетувавме места во земјата и пошироко кои дотогаш не сме ги виделе. И книгата ми беше мојот верен пријател...

Потоа во мојот живот дојде Љупчо. Се запознавме на средба кај заеднички пријатели. Најпрво се чувствував малку вознемирено. За вакво дружење во третата доба се потребни храброст и време. Откако добро го запознав, с повеќе бевме заедно. Откривме дека сакаме исти нешта, имаме исти погледи на животот. И на двајцата семејството ни беше во прв план, но нашите деца си имаат свој живот, кариери, ние сме нивната поддршка и ветер во грбот, а животот продолжува... Живееме и во едниот и во другиот дом. Па, мора некој да се грижи и за цвеќињата, а и животот ни е поинтересен менувајќи го амбиентот на престој. На овој начин се зачувани спомените, љубовта и се што сме доживеале во нашите домови.

Со Љупчо често одиме и на екскурзии со ЗП-ОВР, кое е мало здружение, но во него секој би посакал да членува заради различни активности. Особено е активна игроорната група која на здружението му овозможи да биде успешен домаќин на Регионалната ревија на песни, музика и игри и учесник на Републичката фолклорна ревија во 2017 година, каде што доби громогласен аплауз. Заедно со Љупчо сме и активни спортисти во здружението и на последните републички спортски игри јас се закитив со трето место во пикадо, а тој со прво. Сигурна сум дека во 2018 година и јас ќе го заземам првото место за тој да не се фали меѓу пријателите дека е подобар спортист од мене. Инаку, во нашето здружение сме постојано присутни и таму ги прославуваме нашите родендени, се советуваме и заемно си помагаме, па за тоа се, впрочем, и пензионерските здруженија. Во 2017 година јас бев кума за Василица и со првото парче го послужив нашиот претседател, кој имаше среќа паричката да се падне кај него оваа 2018 година, за што беше особено среќен и горд. Тоа тој и го заслужи, бидејќи сите активности во здружението се најмногу негова заслуга. ЗП-ОВР е мало здружение кое може да им биде пример и на поголемите здруженија. Освен што сме активисти во здружението, ние сме постојано во движење бидејќи ја сакаме природата. И двајцата сакаме да запознаваме нови места, па така за секоја година имаме програма со рокови каде и кои места ќе ги посетиме. Тоа ни го прави животот интересен. Со еден збор, уживаме во третата доба, почнувајќи од утринското кафе, па се до зајдисонце. На крајот, мојата порака до сите, а особено до нас повозрасните е да се другаруваме, да се помага, да се посакува добро на другите. Тоа е корисно и за себе и за општеството - ни раскажа Јаворка.

**Б.М**

ЗП-ДЕМИР ХИСАР

# Четириесет години дружба со кларинетот

Кога човек уште пред раѓање, или барем во раната младост, би можел да испланира или да го предвиди својот животен пат - би било совршено. И покрај верувањето дека „се е тоа некаде запишано“, желбите, стремежот и плановите по правило се судираат со реалните околности кои не опкружуваат, па биографиите, особено оние работните, често одат таму каде што ниту сме ги сонувале, ниту замислувале. Иако Иво Котевски, 65-годишен пензионер од Демир Хисар, се школувал за електротехничар, повеќе од 40 години другарува со кларинетот. Роден е во Сплит, Хрватска, а се школувал во Демир Хисар и во Битола. Работниот век го поминал во ГП „Гранит“, извесен период работи во Германија, а цели 37 години се до пензионирањето работи во ЈОУДГ „2 Септември“ во Демир Хисар, каде што сега живее како пензионер со сопругата Павлина, со која имаат 2 ќерки и 4 внуци.

Иво Котевски потекнува од музичко семејство. Неговиот татко и стрико свиреле на кларинет, така што многу работи научил од нив и тие, всушност, биле и неговите идоли. На кларинет почнал да свири од 14-та година. Со другарите ја формирале групата „Демирхисарски мерак“, со која свиреле на свадби, селски слави, матурски, смотри...

Како повозрасен научил да свири и на саксофон и на гајда. Кларинетот како најмлад дрвен дувачки инструмент особено го ценел и употребувал и Моцарт, и од негово време тој редовно се сретнува во симфонискиот оркестар, а и како соло-инструмент.

Најпрво, Котевски песните и ората ги учел слушајќи ги на радио, а подоцна когa имал грамофон ги слушал и по неколку пати додека да ги научи. Неколку години свирел и во КУД „Демир Хисар“, со кое гостувале и настапувале во целата држава и во странство. На прашањето кој е за



него кларинетист број еден во тоа време, без двоумење вели Тале Огненовски.

И неговите внуки Јована и Георгина се музикални и двете свират на виолина, а внукот Дарко свири на кларинет и е трета година во музичкото училиште. Секоја година селската слава кај Котевски е како мини-концерт.

На помладите кларинетисти Котевски им порачува да вежбаат, да слушаат добра музика и да го негуваат македонскиот изворен мелос. Иако Котевски навлегува во доцните шеесетти години од животот, од својот кларинет не се одвојува. На заминување, пристигна внукот Дарко, со кој имаа закажано заедничка проба на едно познато демирхисарско оро. **Зоран Стевановски**



Прилогот „Пензионерски видици“ е заеднички проект на „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат: СЗПМ

Александар Димковски и Ненад Андонов од „Нова Македонија“